Друштво на писателите
на Македонија
Бр. ДПМ5-60-2025
18-7 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на чл. 33 став 1 алинеи 4 и 7 од Статутот на Друштвото на писателите на Македонија од 17.5.2025 година, Управниот одбор на ДПМ на ден 10.7.2025 г. го усвои следниот:

ДЕЛОВНИК
за избор и работа на жири-комисијата за доделување на наградата „Даница Ручигај“ на ДПМ

Чл. 1

Жири-комисијата за оценување на делата пристигнати на конкурсот за наградата „Даница Ручигај“ на ДПМ се состои од три (3) члена избрани од УО на ДПМ по завршувањето на конкурсот.

Изборот на комисијата може да биде по пат на непосредно предлагање и гласање или (доколку се покаже за неопходно) по пат на тајно гласање од претходно утврдени седум (7) кандидати што не се членови на УО.

Во случај некој од избраните членови на жири-комисијата да го откаже својот избор или да си поднесе оставка од каква било причина, на негово место доаѓа следниот од листата на предложените седум (7) кандидати.

Чл. 2

Откако ја проверила валидноста на пристигнатите дела на конкурсот, техничката служба на ДПМ им ги праќа делата на членовите на жири-комисијата, заедно со Правилникот за доделување на наградата и Деловникот за работа на жири-комисијата.

Чл. 3

Членовите на жири-комисијата одлучуваат во два круга. Во првиот круг секој член работи анонимно и независно од другите и избира по пет дела со нивно рангирање од 1 до 5 (бр. 1 како прворангирано дело), а своите ранг-листи му ги доставуваат на УО на ДПМ преку техничката служба.

Во вториот круг членовите на жири-комисијата се состануваат (во живо или онлајн), бираат свој претседавач и од петте најдобро рангирани дела сумирани од техничката служба на ДПМ, го избираат добитникот на наградата со рангирање од 1 до 3, по пат на консензус или по пат на непосредно или тајно гласање, за што претходно се договараат. Својата одлука во форма на писмено образложен предлог членовите на жири-комисијата му ја доставуваат на УО на ДПМ преку својот претседавач, за нејзино официјализирање и обзнанување.

За процедурата на изборот, жири-комисијата води записник од доверлив карактер, кој заедно со предлог-одлуката, го доставува до УО на ДПМ.

Претседател на ДПМ

Живко Грозданоски